РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-417/4
07-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-417/1 од 27.01.2025 година, оформен по пријава со наводи против одговорни лица при ООУ „--------" – ------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-417/1 од 27.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.01.2025 година, поднесена е пријава од група наставници, со наводи против одговорни лица при ООУ „-------" – ------- Скопје, по сомнение за сторени повреди на законски одредби при спроведување на постапка по објавен оглас за вработување и оформен е предмет број 12-417/1 од 27.01.2025 година. Пријавата е доставена и до Државен просветен инспекторат на РСМ, Државен инспекторат за труд на РСМ, Народен правобранител и до Министерството за внатрешни работи на РСМ-Сектор за економски и компјутерски криминал.

Именo, во пријавата се наведува дека на група наставници кои биле ангажирани со договор на дело не им биле продолжени договорите за вработување по наставните предмети и покрај тоа што биле ангажирани повеќе од две (2) години

и не биле известени за јавниот оглас. Се наведува дека за истите работни места се ангажирани наставници што не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот оглас.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот просветен инспекторат на РСМ.

Државниот просветен инспекторат достави известување дека по наводите од пријавата веќе бил извршен вонреден инспекциски надзор на ООУ „-------" – ------- Скопје од страна на Државниот инспекторат за труд по што бил изготвен Записник бр.--103 од 07.03.2025 година, каде било констатирано дека по истите наводи е веќе постапено од страна на Државниот инспекторат за труд и согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки нема да се постапува имајќи предвид дека нема нови наводи за постапување. Во прилог е доставен Записникот ИП 1 бр.----118 од 05.02.2025 година од Државниот инспекторат за труд.

Државниот инспекторат за труд констатирал дека по доставеното барање за согласност за вработувања од страна на Општина -------- до Министерството за образование и наука, министерство има дадено согласност за вработување на лица на определено време во ООУ „------" – ------Скопје за учебната 2024-2025 година, и биле предвидени средства во буџетот на министерството. На ден 13.11.2024 година од страна на општината е доставена согласноста за вработување во наведеното училиште.

Врз основа на ова ООУ „------" – ------Скопје објавило јавен оглас за вработување на наставен кадар за учебната 2024-2025 година на определено време до 31.08.2025 година.

При надзорот е утврдено дека јавниот оглас бил објавен во весникот „Коха" и „Вечер" на 29.11.2024 година. Истиот траел 3 (три) работни дена сметано од денот на објавувањето и ги содржел сите податоци кои работодавачот е должен да ги наведе во јавниот оглас, согласно член 23 од Законот за работните односи.

За да се утврди дали подносителите на претставката -------, ------- и ------ поднеле барање за вработување кај правниот субјект ООУ „-------" – ------Скопје, по објавениот јавен оглас бр.------/2, било утврдено дека на јавниот оглас, на работното место одделенски наставник по одделенска настава на албански јазик се пријавиле -------, -------, -------, --------, кои ги исполнувале условите. На работното

место по албански јазик со 20 наставни часа се пријавиле ---------, -------- и ------ кои ги исполнувале условите. При инспекцискиот надзор било утврдено дека -------- не поднела барање за вработување на објавениот јавен оглас.
Од страна на инспекторатот било утврдено дека по наведениот јавен оглас за прием на извршители на определено време за учебна 2024/2025 година, ---------, --------, --------- се примени на работно место наставник по одделенска настава на албански јазик додека -------- не поднела барање за вработување по објавениот јавен оглас.
Во врска со наводите дека работодавачот не ги известил вработените за јавниот оглас, инспекторатот утврдил дека истиот бил за прием на извршители на определено време за учебната 2024-2025 година, додека согласно член 25 став 10 од Закон за работните односи "Работодавачот е должен да ги информира работниците на определено време за слободните работни места преку објава на видно место кај работодавачот, за да ги осигури дека ја имаат истата можност за добивање вработување на неопределено време, како и другите работници".
Во доставениот записник, инспекторот не утврдил никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување поради тоа што по предметната пријава постапиле надлежни органи - Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд кои не утврдиле неправилности, по што ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата